Телефон: +38946511000
Факс: +38946511567
www.uist.edu.mk

Партизанска бб.
6000 Охрид
Република Северна Македонија

Бр. 02-75/1
Охрид. 23.1 2024 год.

Врз основа на член 98 став 1 точка 16 од Законот за високото образование („Сл. весник на Република Северна Македонија" бр. 82/2018 и 178/21) и член 128 од Стаутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св.Апостол Павле" Охрид, а во врска со Решение за прекинување на постапката за избор на ректор арх. бр. 02-730/1 од 18.12.2023 година и Решение за исправка на техничка грешка, арх. бр. 02-730/2 од 18.12.2023 година, Ректорот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле' Охрид, проф. д-р Иван Бимбиловски, на ден 23.01.2024 година донесе

**РЕШЕНИЕ**

За продолжување на постапката за избор на ректор 2024-2027 година

1. Се продолжува постапката за избор на ректор за мандатен период 2024-2027 година на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид, прекината со Решение за прекинување на постапката за избор на ректор арх. бр. 02-730/1 од 18.12.2023 година и Решение за исправка на техничка грешка, арх. бр. 02-730/2 од 18.12.2023 година донесени од Ректорот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид, проф. д-р Иван Бимбиловски.
2. Постапката се продолжува од активностите во Роковникот за активности на постапката за избор на ректор арх. бр. 02-661/5 од 20.11.2023 година предвидени „до ден 14.12.2023 година".
3. До Универзитетската изборна комисија се доставуваат Записник од извршен вонреден инспекциски надзор ИП1 .бр. 09-1172 од 28.12.2023 година на Државниот просветен инспекторат и Записник за повторен вонреден инспекциски надзор број 09-02 од 09.01.2024 година на Државниот просветен инспекторат, за понатамошно постапување по истите.
4. Решението влегува во сила на денот на неговото донесување.

**Образложение**

Со Решение за прекинување на постапката за избор на ректор арх. бр. 02-730/1 од 18.12.2023 година и Решение за исправка на техничка грешка, арх. бр. 02-

730/2 од 18.12.2023 година, донесени од Ректорот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид, проф. д-р Иван Бимбиловски, поради спроведување на вонреден инспекциски надзор на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид, постапката за избор на ректор 2024-2027 година се прекина и сите рокови се ставија во мирување од ден 15.12.2023 година.

На ден 05.01.2024 година од страна на Државен просветен инспекторат на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид спроведен е повторен вонреден инспекциски надзор на постапката за избор на ректор за мандатен период 2024-2027 година.

Од страна на Државниот просветен инспекторат за двата спроведени вонредни инспекциски надзори на постапката за избор на ректор 2024-2027 година до Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид доставени се Записник од извршен вонреден инспекциски надзор ИП1 .бр. 09-1172 од 28.12.2023 година за надзорот спроведен на ден 15.12.2023 година и Записник за повторени вонреден инспекциски надзор број 09-02 од 09.01.2024 година за вонредниот надзор спроведен на ден 05.01.2024 година.

Записниците на Државниот просветен инспекторат ИП1 .бр. 09-1172 од 28.12.2023 година и број 09-02 од 09.01.2024 година се доставуваат до Универзитетската изборна комисија за понатамошно постапување по истите.

Од се погоренаведено се одлучи како со диспозитивот на ова решение.

Ректор,

Проф. д-р Иван Бимбиловски

Доставено до Архива
УИК
Сенат
Кандидати за ректор